РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 04-7354/2
15-09-2022 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11, член 30 став 1 алинеја 2, став 3 и став 5, како и член 48 и член 49 од Закон за административни службеници („Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015, 35/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 303/2020), согласно Правилникот за систематизација на работни места во Општина Аеродом, број број 04-6184/1 од 27.08.2015 година и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација број 04-6184/5 од 05.11.2015 година, број 04-4635/1 од 14.07.2017 година, број 04-1043/1 од 14.02.2018 година, број 04-1816/1 од 19.03.2018 година, број 04-1816/4 од 02.05.2018 година, 04-5304/1 од 07.08.2018 година, број 04-7884/1 од 29.10.2018 година, број 04-8399/1 од 16.11.2018 година, број 04-9159/1 од 18.12.2018 година број 04-7955/1 од 24.10.2019 година, број 04-7955/4 од 05.11.2019 година, 04-375/1 од 23.01.2020 година, 04-375/4 од 26.02.2020 година и 04-375/7 од 25.09.2020 година, 04-1469/1 од 05.03.2021, 04-8094/1 од 18.11.2021 година, 04-406/1 од 21.01.2022 година, 04-1336/1 од 25.02.2022 година и 04-5206/1 од 08.07.2022, Секретарот на Општина Аеродром објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.07/2022

## ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА СО УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

## ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Се објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник со пополнување на следново работно место:

1. Виш соработник за евидентирање на постапки и планови од областа на урбанизмот шифа УПР 0101В02000, ниво В2, во Одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови, Сектор за комунални работи и заштита на животната средина - 1 извршител.

**Посебни услови:**

**А) стручни квалификации:** ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, **образование:** Архитектура, урбанизам и планирање.

**Б) работно искуство:** најмалку две години работно искуство во струката.

**В) Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Г) Посебни работни компетенции:**

- **Потребно познавање на компјутерски програми:** Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

- **Потребно ниво на познавање на јазици:** активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**

- Работни денови понеделник- петок;
- Работни часови неделно – 40 часа
- Работно време од 07:30 до 15:30 (08:30 до 16:30)

**Паричен нето износ на плата**

Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: 24.715,00 денари

2. Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас покрај горенаведените, треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази: - потврди за успешно реализирани обуки и/или - потврди за успешно реализирано менторство.

3. Кандидатот поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Аеродром до Одделението за управување со човечки ресурси, како и до службената електронска адреса на одделението за управување со човечки ресурси covecki.resursi@aerodrom.gov.mk или на службената адреса на лицето Ирена Петревска, irena.petrevska@aerodrom.gov.mk, со назнака за интерен оглас.

4. Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 дена од денот на објавувањето на интерниот оглас.

5. Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

6. Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Секретарот на Општина Аеродром.

7. Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или во фаза на административна селекција се утврди дека доставените податоци и докази се лажни ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Изготвил:
Ирена Петревска

Секретар на Општина Аеродром
Јулијана Павковска Боцевска